СМРТ НА ФАШИЗМОТ СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕ... ...

Бр. 35 Скопје, среда 17 декември 1947 година Год. III

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса „Службен весник на НРМ" — Скопје, ул. Маршал Тито бр. 10 Пошт. фах. 51
Ракописите не се враќаат.

Цена на овој број е 8 динари. Претплата за цела година 150, за пола година 120 — Огласите се примаат по тарифа објавена во бр. 25/47 год.

## 304

Врз основа на чл. 1 од Законот за овластуење Владата на Народна Република Македонија за донесуење Уредби по прашањата за народното стопанство и обновата на земјата, а по предлог на Министерот на трговијата и снабдуењето, Владата на Народна Република Македонија донесе следна.

### Уредба

За измените чл. 1 и 2 од Уредбата за оснивање главни дирекции при Министерството на трговијата и снабдуењето на Народна Република Македонија.

Чл. 1.

Чл 2 ст. 1 од истата Уредба се изменуе и гласи:
Министерството на трговијата и снабдуењето на НР Македонија се изменуе и гласи:

1. „Главна дирекција на трговските стоваришта и народните магазини".

Чл. 2

Чл. 2 ст. 1 од истата Уредбата се изменуе и гласи:

„Главната дирекција на трговски стоваришта и народните магазини е административно — оперативн раководител на републиканските трговски стоваришта и народните магазини.

Чл. 3.

Ова Уредба влегуе во сила со денот на објавуењето и во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 10296, 12—XI— 1947 год. Скопје

Претседател
на Владата на НР Македонија
Л. Колишевски с. р.

Министер
на трговијата и снабдуењето,
Д. Бојановски с. р.

## 305

Во основа чл. 29 точ. 3, а во врска со чл. 2 точ. 1 и 2 од Законот за Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство на НР Македонија во годините 1947—1951, по предлог на Министерот на индустријата и рударството, Владата на Народна Република Македонија, донесуе следната

### Уредба

за изменуење на Уредбата од 22-II-1947 год. за оснивање на главни дирекции на Министерството на индустријата и рударството на Народната Република Македонија.

Чл. 1

Во чл. 1 точ. 3 од Уредбата за оснивање на главни дирекции на Министерство на индустријата и рударството на Н. Р. Македонија, се бришат думите: „и метална индустрија" така да ова точка гласи- „Главна дирекција на републиканското електростопанство".

Чл. 2

Ова Уредба влегуе во сила со објавуењето и во Службен весник на НР Македонија.

Бр 11166, 12-XII-1947 год., Скопје.

Претседател на Владата Н.Р.М.
Л. Колишевски, с. р.

Застапуе Министерот за индустрија и рударство Министер на внатрешните работи
Цветко Узуновски, с. р.

## 302

Врз основа на чл. 1 од Законот на овластуење Владата на Н. Р. Македонија за донесуење уредби по прашањата од народното стопанство и обновата на земјата, по предлог од Претседателот на Републиканската планска комисија, Владата на Н.Р. Македонија ја донесуе следната

### Уредба

ЗА НАИМЕНОВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА И УЛИЦИТЕ И ЗА НУМЕРИРАЊЕ НА КУЌИТЕ.

I.

НАИМЕНОВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

Чл. 1

Секое населено место на територијата на Н. Р. Македонија има свое име.

Под населено место се смета: град, градче село и помало место (индустриско, рударско и земјоделска колонија) во кое што живеат луѓе и како такво представуе оделна териториална целина.

Чл. 2

Имињата на населените места, кои што се утврдени при извршениот попис, како и сите други настанати промени, ќе се унесат во евидентната картотека „имиња на населените места", која што евиденција ја води Планската комисија на Н. Р. Македонија.

Формуларите за евидентната картотека и напатвијата за нејзиното водење ќе ги пропише Планската комисија на Н. Р. Македонија, а на основа општите принципи, кои што ќе ги установи Сојузната планска комисија.

Чл. 3

На патиштата пред влегуењето во населените места ќе се стави табла со натпис на името

на населеното место и името на народниот (месниот, градскиот или околискиот) одбор во чие административно-територијално подрачје е односното населено место.

II.

ИМИЊА НА УЛИЦИТЕ И ПЛОШТАДИТЕ

Чл. 4

Месните, односно градските народни одбори к'е одредуат и по потреба к'е ги измечуат имињата на улиците и плоштадите, Решението за тоа го донесуе месниот (градскиот) народен одбор на своето заседание.

Ако во населените места има улици и плоштади без имиња к'е им се одреди име или по исклучение к'е се обележат со арапски броеви.

За имиња на улиците и плоштадите можат да се земат имиња на познати историски личности, настани и дати, како и географски названија. Не смеат да се дават имиња кои што се во противност на Народно-ослободителната борба и на државното уредуење.

III.

ОБЕЛЕЖУЕЊЕ НА КУК'ИТЕ (ЗГРАДИТЕ) И ГРАДИЛИШТАТА СО АРАПСКИ БРОЕВИ

Чл. 5

Во населените места, кои што имат уличен распоред, секоја кук'а (зграда) и градилиште к'е има свој реден број арапски обележен. Во населените места без уличен распоред к'е имат реден број само кук'ите.

Обележуењето на кук'ите (зградите) и градилиштата со броеви го врши месниот, односно градскиот (реонскиот) извршен народен одбор за сметка на сопственикот на кук'ата (зградата) или градилиштето.

Чл. 6

Секој месен, односно градски (реонски) народен одбор води евиденција на кук'ите (зградите) по броевите, ако е населеното место без уличен распоред. За населените места кои што имат уличен распоред евиденцијата на кук'ите (зградите) и градилиштата, месниот (градскиот) народен одбор ја води по улици и броеви. Во таа евиденција се внесуат и сите настанати промени во врска со имињата на улиците или броевите на кук'ите (зградите) или градилиштата.

Чл. 7

Секој сопственик што направи нова кук'а (зграда) е должен да за тоа го извести месниот (градскиот) народен одбор, за да се новата кук'а (зграда) внесе во списокот на кук'ите (зградите) и градилиштата и да одреди нов број. Ова исто важи и за перцелираниот имот кој што е одреден за градилиште.

Сопственкот исто така е должен да пријави на месниот народен (градски) одбор и кога ја разурнува својата кук'а (зграда).

IV.

КАЗНЕНИ РАСПОРЕДБИ

Чл. 8

Секој оној кој што симне, расипи или измачка табла со број, со име на место или улица и плоштад, кој не соопшти на извршниот орган на надлежниот народен одбор зидањето на нова кук'а (зграда) или парцелирањето на градилиште, како и разурнуењето на кук'а (зграда) к'е се казни со парична казна од 50 до 200 динари.

Решението за казна го донесуе повереникот на отсекот за внатрешни работи или секретарот на месниот (градскиот) народен одбор.

V.

ЗАВРШНИ РАСПОРЕДБИ

Чл. 9

Се овластуе Претседателот на Планската комисија на Н. Р. Македонија да издаде задолжителни напатствија за исполнението на ова Уредба.

Чл. 10

Ова Уредба влегуе во сила од денот на објавуењето и во „Службен весник на Народната Република Македонија"

Бр. 10640 од 12-XI-1947 год.

Претседател на Владата на Н.Р.М.
Л. Колишевски, с. р.

Претседател
на Планската комисија на Н. Р. М.
К. Миљовски, с. р.

## 333

Врз основа чл. I т. 5 од Решението за регулирање, сточни пазаришта и задолжителна продава чка на стока за колење, а поради спроведуење на прописите од чл. 4 Уредбата на Владата на Народна Република Македонија за забрануење држање на кози односно за ограничуење на нивниот број ја издавам следната

# Наредба

за забрануење колењето на говеда и овци на територијата на Народна Република Македонија.

I.

Се забранув — до понатамошна наредба — колењето на сите врсти говеда, овци и овнови на територијата на Народна Република Македонија

2.

Во изузетни случаи колењето на напред под 1 наведениот добиток, може да се дозволи само по претходно одобрение на надлежниот околиски односно градски народен одбор.

3.

Секое прекршение на прописите од ова Наредба ке се казни по Законот за сузбивање на недопуштена трговија, надопуштена шпекула и стопанска саботажа.

4.

Со ова Наредба не се одменуат прописите на Наредбата на ова Министерство бр. 826 од 22 февруар 1946 г. до колку не се во противност со прописите од ова Наредба.

5.

Ова Наредба ступе на снага веднаш.
Бр. 20285, октомври 1947 год., Скопје.

Министер на трговијата и снабдуењето,
**Д. Бојановски,** с. р.

## 309

Врз основа на чл. 22, 44, 53 и 58 од Законот за уредуење на народните судови, Министерот на правосудието на Народна Република Македонија го донесуе следното

## Решење

За одредуење бројот на судиите и судиите-поротници во народните судови на Народна Република Македонија и одредуење бројот на судиите и судиите-поротници, кои к'е ги избираат поедини народни одбори, на кои териториалната надлежност не се поклопуе со териториалната надлежност на околиските народни судови.

### ОКОЛИСКИ НАРОДНИ СУДОВИ

Чл. 1

Бројот на судиите, вклучително со претседателот во околиските народни судови се одредуе:

Околискиот народен суд во Скопје: претседател и 6 судии;

Околискиот народен суд во Битола: претседател и 4 судии;

Околискиот народен суд во Прилеп: претседател и 3 судии;

Околиските народни судови во Куманово, Тетово, Титов Велес, Охрид и Струмица по еден претседател и 2 судии;

Околиските народни судови во Крива Паланка, Гостивар, Дебар, Струга, Ресен, Кичево, Кавадарци, Гевгелија, Радовиш, Штип, Свети Николе, Кратово, Кочани, Царево село и Берово по еден претседател и еден судија.

Чл. 2

Бројот на судиите-поротници во околиските народни судови се одредуе:

За Околискиот народен суд во Скопје 150 судии-поротници;

За Околискиот народен суд во Битола 120 судии-поротници;

За Околискиот народен суд во Прилеп 100 судии-поротници;

За околиските народни судови во: Куманово, Тетово, Титов Велес, Кавадарци, Охрид и Струмица по 80 судии-поротници;

За околиските народни судови во: Крива Паланка, Гостивар, Дебар, Гевгелија, Кичево, Штип и Берово по 60 судии-поротници;

За околиските народни судови во: Струга, Ресен, Радовиш, Свети Николе, Кратово, Кочани и Царево село по 50 судии-поротници.

Чл. 3

Претседателот, судиите и судиите-поротници на околиските народни судови во: Скопје, Битола, Прилеп, Титов Велес, Штип, Струмица, Куманово, Тетово, Охрид и Кичево, на кои териториалната надлежност не се поклопуе со територијалната надлежност на соответните околиски и градски народни одбори, — се избираат.

**1. За Околискиот народен суд во Скопје:**

а) Реонскиот народен одбор на I реон во град Скопје: претседателот, еден судија и 50-судии-поротници.

б) Реонскиот народен одбор на II реон во град Скопје: двајца судии и 40 судии-поротници.

в) Околискиот народен одбор на скопска околија: двајца судии и 40 судии-поротници.

г) Околискиот народен одбор на г'орчепетровска околија: еден судија и 20 судии-поротници.

**2. За Околискиот народен суд во Битола:**

а) Градскиот народен одбор на град Битола. претседателот, еден судија и 60 судии-поротници.

б. Околискиот народен одбор на битолска околија: двајца судии и 40 судии-поротници.

в) Околискиот народен одбор на демирхисарска околија во Слепче: еден судија и 20 судии-поротници.

**3. За Околискиот народен суд во Прилеп:**

а) Градскиот народен одбор на град Прилеп: претседателот, еден судија и 50 судии-поротници.

б) Околискиот народен одбор на прилепска околија: еден судија и 35 судии-поротници.

в) Околискиот народен одбор на крушевска околија: еден судија и 15 судии-поротници.

**4. За Околискиот народен суд во Титов Велес:**

а) Градскиот народен одбор на град Титов Велес: претседателот, еден судија и 50 судии-поротници.

б) Околискиот народен одбор на титовелешка околија: еден судија и 30 судии-поротници.

**5. За Околискиот народен суд во Штип:**

а) Градскиот народен одбор на град Штип: претседателот и 30 судии-поротници.

б) Околискиот народен одбор на штипска околија: еден судија и 30 судии-поротници.

**6. За Околискиот народен суд во Струмица:**

а- Градскиот народен одбор на град Струмица: претседателот, еден судија и 40 судии-поротници.

б) Околискиот народен одбор на струмишка околија: еден судија и 40 судии-поротници.

**7. За Околискиот народен суд во Куманово:**

а) Градскиот народен одбор на град Куманово претседателот, еден судија и 50 судии-поротници.

б) Околискиот народен одбор на кумановска околија: еден судија и 30 судии-поротници.

**8. За Околискиот народен суд во Тетово:**

а) Градскиот народен одбор на град Тетово: претседателот, еден судија и 50 судии-поротници.

б) Околискиот народен одбор на тетовска околија: еден судија и 30 судии-поротници.

**9. За Околискиот народен суд во Охрид:**

а) Градскиот народен одбор на град Охрид: претседателот, еден судија и 40 судии-поротници.

б) Околискиот народен одбор за охридска околија: претседателот, еден судија и 40 судии-поротници.

**10. За Околискиот народен суд во Кичево:**

а) Околиски народен одбор за кичевска околија, претседателот и 40 судии-поротници.

б) Околискиот народен одбор за бродска околија еден судија и 20 судии-поротници.

## ОКРУЖНИ НАРОДНИ СУДОВИ

Чл. 4

Бројот на судиите, вклучително со претседателот, во окружните судови се одредуе:

Окружниот народен суд во Скопје: претседател и 6 судии.

Окружниот народен суд во Битола: претседател и 5 судии.

Окружниот народен суд во Штип: претседател и 3 судии.

Чл. 5

Бројот на судиите-поротници на окружните народни судови се одредуе:

За Окружниот народен суд во Скопје 140 судии-поротници.

За Окружниот народен суд во Битола 110 судии-поротници.

За Окружниот народен суд во Штип 90 судии-поротници.

Чл. 6

Окружните собранија на делегираните одборници к'е ги избираат и разрешаваат од должност претседателите, судиите и судии-поротници на окружните народни судови.

Чл. 7

Окружните народни собранија к'е избираат судии-поротници и тоа:

**1. На Окружниот народен суд во Скопје:**

а) Од жителите на град Скопје по 20 судии-поротници од I и II реон.

б) Од жителите на скопска околија 20 судии-поротници.

в) Од жителите на г'орчепетровска околија, град Титов Велес, град Куманово и град Тетово по 10 судии-поротници.

г) Од жителите на: кривопаланачка, кумановска, тетовска, гостиварска, дебарска, титовелешка, кавадарска и гевг'елиска околија по 5 судии-поротници.

**2. На Окружниот народен суд во Битола:**

а) Од жителите на град Битола 40 судии-поротници.

б) Од жителите на битолска околија 15 судии-поротници.

в) Од жителите на град Прилеп 10 судии-поротници.

г) Од жителите на: демирхисарска, прилепска, крушевска, бродска, кичевска, ресенска, охридска и струшка околија и од град Охрид по 5 судии-поротници.

**3. На Окружниот народен суд во Штип:**

а) Од жителите на град Штип 30 судии-поротници.

б) Од жителите на штипска околија 15 судии-поротници.

в) Од жителите на град Струмица 10 судии-поротници.

г) Од жителите на: радовишка, струмишка, беровска, царевоселска, кочанска, кратовска и светиниколска околија по 5 судии-поротници.

## ВРХОВЕН СУД НА НАРОДНАТА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Чл. 8

Врховниот народен суд на Народна Република Македонија има: претседател, потпретседател и 4 судии.

### ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Чл. 9

Решението на Министерот на правосудието на Народна Република Македонија Бр. 4426 објавено во „Службен весник на Народна Република Македонија" Бр. 25 од 5 XII 1945 година за определуење бројот на судиите и судиите-поротници во судовите на Н. Р. Македонија се укинуе.

Чл. 10

Ова Решение влегуе во сила со неговото донесуење.

Град Скопје, Бр. 1424 од 25IV 1947 година.

**Министер**
**на правосудието на Н. Р. Македонија**
**Васил Калајџиски с. р.**

## 306

Врз основа чл. 12. и 20 од Уставот на Народна Република Македонија и чл. 4 точка 4 од Законот за Петтодишниот план за стопанското развитие на Народна Република Македонија, го донесуам следното

## Решение

### ЗА ОТВАРАЊЕ НА I — КЛАС СО ШИПТАРСКИ ЈАЗИК ПРИ УЧИТЕЛСКАТА ШКОЛА ВО ГРАД СКОПЈЕ

1. Се отвара I (први) клас со шиптарски наставен јазик при Учителска школа. во Скопје.

2. За прием на ученици во I клас со шиптарски наставен јазик важат сите правила и одредби како и за прием на ученици за учителска школа со македонски наставен јазик.

3. Ова Решение влегуе во сила од денот на објавуењето му во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 3793, 10 XI 1947 год. Скопје

Министер за просвета,
К. Х. Василев, с. р.

## 308

**Поради нуждата која се осек'а за стручно подготвени лица во угостителската струка, а со цел да се создаде таков стручен кадар, на предлог на Управата за туризам и угостителство, донесуам следното:**

## Решење

### За отварање угостителски курс за раководители на угостителски претпријатија и општ курс за готвачи и конобари

1. — Одобравам отварањето на угостителски от курс за раководители на угостителски претпријатија и општ курс за готвачи и конобари во истите.

2. — На курсевите ке се примат лица кои што имаат угостителска практика или работале во слични струки и да се писмени.

3. — Курсевите со своите редовни предавања ке почнат на 1. XI. 1947 година и к'е трајат до 31. III. 1948 год. односно пет месеци.

4. — По завршуењето на предавањата на курсевите ке се спроведат завршни испити, пред комисија која што к'е биде определена од страна ова Министерство

5. — Наставните планови и програми за курсевите ке из работи одделението план кадрови при ова Министерство.

6. — Личните и материјалните расходи ке бидат на терет на буџетот на Управата за туризам и угостителство при ова министерство.

7. — Висината на вознаградението на хонорарните преподаватели на курсот ке се плак'а спрема решењето на Министерството на финансиите на Н. Р Македонија.

8. — Ово Решение стапуе на снага со денот на потпишуењето.

Бр. 20.056, 31 октомври 1947 година.

Министер на трговијата и снабдуењето
на НР Македонија,
Д. Бојановски, с. р.

## 307

За правилно водење на државните матични книги и по укажаната потреба поради промените во административно—територијалните единици, настанати со **Законот** за административно-територијалната подела на Народна Република Македонија, а врз основа на чл 4 во врска со чл 56 од Законот за државните матични книги донесуам следното

## Решение

### за одредуење матични подрачја

1. — Државните матични книги ке се водат при следните градски реонски и месни народни одбори:

I ГРАДОВИ

1. при Извршниот град. одбор на реонскиот народен одбор на I реон на град Скопје за подрачјето на I реон на град Скопје и селата Горно Водно и Долно Водно.

2. при Извршниот одбор на реонскиот народен одбор на II реон на град Скопје за подрачјето на II реон на град Скопје;

б) останали градови

1. при Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на град Битола за подрачјето на град Битола;

2. при Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на град Куманово за подрачјето на град Куманово;

3. при Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на град Охрид за подрачјето на град Охрид;

4. при Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на град Прилеп за подрачјето на град Прилеп и селата: Варош, Дабница и Селце;

5. при Извршниот народен одбор на Градскиот народен одбор на град Струмица за подрачјето на град Струмица;

6. при Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на град Тетово за подрачјето на град Тетово и селото Лавце;

7. при Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на град Титов-Велес за подрачјето на град Титов-Велес; и

8. при Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на град Штип за подрачјето на град Штип и селото Ново Село.

II. ОКОЛИИ

а) Беровска околија

1. при Месниот народен одбор на град Берово за подрачјето на град Берово;

2. при Месниот народен одбор на село Будинарци за подрачјето на село Будинарци;

3. при Месниот народен одбор на село Владимирово за подрачјето на село Владимирово;

4. при Месниот народен одбор на село Двориште за подрачјето на село Двориште;

5. при Месниот народен одбор на село Митрашинци за подрачјето на село Митрашинци;

6 при Месниот народен одбор на селата Пехчево, Негрево и Чифлик за подрачјето на селата Пехчево, Негрево и Чифлик;

7. при Месниот народен одбор на село Ратево за подрачјето на село Ратево:

8. при Месниот народен одбор на селата Рабово, Мачево и Умлъане за подрачјето на селата Рабово, Мачево и Умлъане;

9. при Месниот народен одбор на село Русиново за подрачјето на село Русиново:

10. при Месниот народен одбор на село Смоимирово за подрачјето на село Смоимирово;

11. при Месниот народен одбор на село Црник за подрачјето на село Црник.

б) Битолска околија

1. при Месниот народен одбор на селата Барешани, Канино и Олевени за подрачјето на селата Барешани, Канино и Олевени;

2. при Месниот народен одбор на селата Бач и Гермијан за подрачјето на селата Бач и Гермијан,

3. при Месниот народен одбор на селата Бистрица, Злокуќани, Кравари и Крстор за подрачјето на селата Бистрица, Злокуќани, Кравари и Крстор;

4. при Месниот народен одбор на селата Брник и Ивени за подрачјето на селата Брник и Ивени;

5. при Месниот народен одбор на Брод, Велесело и Доброзени за подрачјето на село Брод, Велесело и Доброзени;

6 при Месниот народен одбор на селата Брусник и Лавци за подрачјето на селата Брусник и Лавци;

7. при Месниот народен одбор на селата Будаково, Алинци и Трап за подрачјето на селата Будаково, Алинци и Трап;

8. при Месниот народен одбор на селата Будимирци и Груниште за подрачјето на селата Будимирци и Груниште;

9. при Месниот народен одбор на селата Буково и Орехово за подрачјето на селата Буково и Орехово;

10. при Месниот народен одбор на селата Велушина и Острец за подрачјето на селата Велушина и Острец;

11. при Месниот народен одбор на селата Врањевци, Балдовенци и Паралово за подрачјето на селата Врањевци, Балдовенци и Паралово;

12. при Месниот народен одбор на селата Габалавци, Облаково и Секирани за подрачјето на селата Габалавци, Облаково и Секирани;

13. при Месниот народен одбор на селата Гјавата и Гопеш за подрачјето на селата Гјавата и Гопеш;

14. при Месниот народен одбор на селата Гнеотино, Ново Село и Тепавци за подрачјето на селата Гнеотино, Ново Село и Тепавци;

15. при Месниот народен одбор на село Градешница за подрачјето на село Градешница;

16. при Месниот народен одбор на селата Граешница, Драгош и Кишава за подрачјето на селата Граешница, Драгош и Кишава;

17. при Месниот народен одбор на селата Дедебалци, Горно Агларци, Далбеговци и Долно Агларци за подрачјето на селата Дедебалци, Горно Агларци, Далбеговци и Долно Агларци;

18. при Месниот народен одбор на селата Дихово и Нижеполе за подрачјето на селата Дихово и Нижеполе;

19 при Месниот народен одбор на селата Добрушево и Ношпал за подрачјето на селата Добрушево и Ношпал;

20. при Месниот народен одбор на селата Драгожани, Драгарино и Старо Змирново за подрачјето на селата Драгожани, Драгарино и Старо Змирново;

21. Месниот народен одбор на селата Живојно и Сович за подрачјето на селата Живојно и Сович;

22. при Месниот народен одбор на селата Ивањевци, Древеник и Подино за подрачјето на селата Ивањевци, Древеник и Подино;

23. при Месниот народен одбор на селата Кажани, Доленци и Маловиште за подрачјето на селата Кажани, Доленци и Маловиште.

24. при Месниот народен одбор на селата Карамани, Долно Оризари и Трн за подрачјето на селата Карамани, Долно Оризари и Трн;

25. при Месниот народен одбор на селата Кременица и Меџитлија за подрачјето на селата Кременица и Меџитлија;

26. при Месниот народен одбор на селата Крклино, Горно Оризари, Раштани и Снегово за подрачјето на селата Крклино, Горно Оризари, Раштани и Снегово;

27 при Месниот народен одбор на село Кукуречани за подрачјето на село Кукуречани;

28. при Месниот народен одбор на селата Логоварди, Оптичари и Поешево за подрачјето на селата Логоварди, Оптичари и Поешево,

### АЗБУЧЕН РЕГИСТЕР

25

Истовремено со книгата на државјаните матичарот е должен да води и азбучен регистер на сите државјани, кои се во неа упишани. Азбучниот регистер се води по началното слово на фамилијарното име. Во поголемите места овој регистер може да се води по систем на картотека. Освем фамилијарното, татковото и роденото име на секое лице, во регистерот се става бројот на страницата од книгата на државјаните, во која е упишано лицето, како и редниот број под кој е упишано.

### ДЕЛОВОДЕН ПРОТОКОЛ

26

Матичарот е должен да води одделен деловоден протокол, во кој ќе ги внесуе сите акти, кои се однесуат на уписот во книгата на државјаните.

На секој акт се одбележуе датата, кога стигнал, редниот број на протоколот и бројот на евентуалните прилози. Ако врз основа на актот е извршен упис во книгата на државјаните, на актот ќе се означи страницата и бројот на тој упис.

Известија за раѓање или смрт, кои се доставуат на другие народни одбори за евидентирање во книгата на државјаните (точка 23 од овоа Напатствие) спаѓат во делокругот на матичната служба и се заведуат во деловодниот протокол на матичната служба.

Заедно со деловодниот протокол се води и именик.

### АРХИВА

27

Решените предмети се стават во архивата средени под редните броеви на уписот во книгата на државјаните. Ако предметот се донесуе на веќе извршен упис (на пр.: „кога врз основа на него треба да се изврши исправка во поранешниот упис или бришење, се задржуе со актот со кој е извршен првиот упис.

Ако врз основа на актот не е извршен никаков упис во книгата на државјаните, истиот се става во одделна папка по редниот број на деловодниот протокол.

### ДОСТАВУЕЊЕ ПОДАЦИ ЗА ОДЗЕМАНЕ ДРЖАВЈАНСТВО НА ФНРЈ НА ОТСАТНИ ЛИЦА

28

Матичарот е должен секоја 28. година во првата половина на месец јануари да состави список на лицата за кои смета, да поради отсатност треба да им се одземе државјанството. Во списокот се внесуат лица, кои постојано живеат во странство, па за време од 15 години след навршената 18 година не исполнуат никакви јавни обвези спрема Федеративна Народна Република Југославија, а освем това препуштиле за последните 5 години да се евидентират при претставништвото на Федеративна Народна Република Југославија во странство или писмено да се пријават на Министерството на внатрешните работи на Федеративна Народна Република Југославија.

Како постојано живеење во странство се подразбира непрекината отсатност од татковината, без доаѓање во неа макар и за кратко време, а под неисполнуење на јавните обвези се подразбира неодзивање на законските обвези, како на пр.: на војна обвеза.

Спомenатиот список со сите потребни подаци матичарот го предава на народниот одбор, при кој е на служба, а овој доставуе на Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија по надлежен пат предлог за постанка во смисол на чл. 15 од Законот за државјанство на Федеративна Народна Република Југославија.

### ИЗВОДИ ОД КНИГАТА НА ДРЖАВЈАНИТЕ

29

Матичарот е должен на барање од државен орган или странка да издава извод од книгата на државјаните. На изводот сите подаци од уписот во книгата на државјаните. На изводот се става дата на издавањето и печат на народниот одбор при кој се води книгата на државјаните. Изводот го потпишуе матичарот.

Изводот од книгата на државјаните служи на подрачјето на Федеративна Народна Република Југославија како доказ за државјанството, до колку посебни законски прописи не одредуат државјанството да се докаже со уверение (сведоџба) за државјанство.

Ако заинтересираната странка поднесе молба за издавање уверение за државјанство преку оној месен народен одбор, во чија книга на државјаните е упишан, одборот нема да приложи кон молбата извод од книгата на државјаните, ами при доставуење предметот на околискиот народен одбор истовремено ќе потврди, да е молителот упишан во книгата на државјаните означувајќи страницата и редниот број на уписот. Ако молбата е предадена непосредно на околискиот народен одбор, надлежен за издавање уверението за државјанството, истиот е должен да прибави потврда за уписот на молителот во книгата на државјаните од надлежниот месен народен одбор.

### ТАКСИ

30

Сите уписи во книгата на државјаните се вршат по службена должност и без наплата на такса спрема това ослободени се од такса сите пријави да упис, односно бришење, како и сите писмени или записнички изјави на заинтересираните странки, кои имат врска се уписот односно бришењето) на пр.: молба со која при промена на местожителството во границите на Народна Република Македонија се бара бришење од поранешната книга на државјаните и упишуење во книгата на државјаните спрема новото местожителство; дополнителна изјава на родителите за републиканското државјанство на детето во смисол на ст. 1 на чл. 25 од Правилникот и сл.).

Изводите од книгата на државјаните се таксират по Тар. бр. 27 од Законот за таксите со износ од 20 динара, а молбите со кои странките барат изводи се таксират со 10 динари по Тар Бр. 1 од истиот Закон.

Овоа Напатствие влегуе во сила со денот на објавуењето му во „Службени весник на Народна Република Македонија".

IV бр. 15648 од 10 ноември 1947 год. Скопје

Министер
на внатрешните работи на НРМ
Цв. Узуновски с. р.

Претседателството на Президиумот на Народното собрание на Н. Р. Македонија, по извршеното сравнуење со изворниот текст, установило дека во текот на Законот за Петгодишниот план на развитокот на народното стопанство на Народна Република Македонија во годините 1947-1951, објавен во „Службениот весник на Народна Република Македонија", бр. 24 од 14 јули 1947 година, се поткрале долу наведените почетни грешки и дава следната.

## Исправки

### НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕТГОДИШНИОТ ПЛАН НА РАЗВИТОКОТ НА НАРОДНОТО СТОПАНСТВО НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА — ВО ГОДИНИТЕ 1947—1951

1)—Во глава I, дел први, ст. 7, ред 2, цифрата 10 требе да биде 7, 7. А по ред 3 цифрата 14, 3 требе да гласи 27, 9.

2)—Во чл. 3 т. 4, ст. 2 ред 3, на место „на 105.000 хектара

[illegible] треба да стои „за 105.000 ха."

3)—Во чл. 7 под II.1, над цифрите [illegible]X, [illegible]+ и [illegible] треба да стојат следните цифри: над (324)X пак 324, над (7.000+, треба два пати цифрата 2.000, а над 2.430 треба да стои цифрата 730.

4)—Во чл. 7 под II.2, [illegible] над цифрата (20) треба да [illegible].

5)—Во чл. 7 под IV.2, „Неиворани-[illegible]", цифрата 72,2 треба да гласи 75.2.

6)—Во чл. 7 под IV.3 и 4, насловите се испреплетени и изменани. Насловот под 3, заедно со цифрите, треба да гласи: „Вред. ност на земјоделските производи 2.6 9,7 373", а под 4 треба да гласи „Број на тракторите во земјоделските машински станции 160X [illegible]".

7)—Во чл. 7 под VI.1, „Производство на електрична енергија", цифрата 35.3 треба да биде 35.2.

8)—Во чл. 7 под VI.2, „Вредност на новите инвестиции во периодот 1947-1951", под Сообраќај, цифрата 201,8 треба да гласи [illegible].

9)—Во чл. 9 под 45—„Дрвна индустрија" стои цифрата 6.400 кбм, а треба да биде 3.400 кбм.

10)—Vo чл. 9 под 48—„Jaглен" во вториот ред стои „Откупни јами", треба да стои „откупни јами".

11)—Во чл. 10 под 4 во трети ред, после зборот „кооперации", треба да дојде „и кооперации".

12—Во чл. 10 под 5, третиот ред, изразот „филигрaмството" да [illegible] со „филигранството".

13)—Vo чл. 11 под 11, последниот ред, цифрата 112, треба да гласи [illegible].

14)—Во чл. 11 под [illegible], [illegible] ред, цифрата 27 треба да гласи 21.

15)—Во чл. 11 под 22, седмиот ред, цифрата 1.748 треба да се [illegible] со 174.000.

16)—Во чл. 11 под 25, вториот ред зборот „местото" да се поп[illegible] на место".

17)—Во чл. 11 под 25, последниот ред, цифрата 36 треба да биде 63.

18)—Во чл. 11 под 30, последните два реда треба да си го [illegible] взаимно местата. Точно, [illegible]: Бројот на пчелните со подвижни пати 1951 година да биде 50% од [illegible] број [illegible]. Во [illegible] текст на место „пати", пати погрешно стои „[illegible]".

19)—Во чл. 11 под 32, во првиот и третиот ред стои „[illegible]", а треба да стои „[illegible]". [illegible] ред стои „Св. Ничипур", а треба да стои „[illegible] Ничипур".

20)—Во чл 11 под 41, вториот ред, цифрата 27.762 треба да гласи 28.762.

21—Во чл. 11 под 54, седмиот ред, цифрата 378% треба да се замести со 387%.

22)—Во чл. 13 под 1, четвртиот ред, цифрата 5, 6 ,треба да гласи 6, 5.

23)—Vo чл. 14 под 2, ст. 2, ред 17, наместо зборот „квалифицираните", треба да биде „неквалифицираните".

24)—Во чл. 15 под 7, првиот ред, место зборот „во", треба да стои „до".

25)—Во чл. 16 под 1, четвртиот ред, цифрата 2.018 треба да гласи 2.[illegible].

26)—Во чл. [illegible] последниот ред, цифрата [illegible], треба да се [illegible] со [illegible].

27)—Во чл. [illegible] ред, цифрата 78.[illegible] треба да се замести со 78.[illegible].

28)—Во чл. 22 под 1, стои во насловот: „Jaглен (100 тона)", а треба да биде „Jaглен (1.000 тона).

30)—Во чл. 22 под 2, буквата „т" крај зборовите „Песок", „Гипс", „Талк" и „Лапорец" треба да се избрише. Во насловот „Шкрилци (1.500 тона)" треба да биде „Шкрилци (1.500 [illegible])". За Лискун во 1951 година стои цифрата 9.600, а треба да биде само 9. За Кизелгур стои цифрата 5, а треба да биде 5.000.

31)—Во чл. 25 под 1, деветиот и десетиот ред треба да си ги разменат взаимно местата.

32)—Vo чл 25 под 2, „Принос на ален ха во кц", цифрите во втората колона која се однесуе за приносот во 1951 година, несе јасно намечатени. Они треба да гласат: за пшеница 18, за рж 9, за пченка 12, за јачмен 11, за орив 25, за тутун 10, за памук 3, за афион 0,1, за сусам 6, за сончоглед 12, за рицинус 32.

33)—Во чл. 25 под 3, „Производството (100 кг.)", крајниот ред сусам 23,030 треба да гласи 23.380; цифрата 38,170 треба да биде 30.170.

Во истиот чл. и точка, вториот ред цифрата 11.242 треба да биде 11.242.

34)—Во чл. 25 под 3, „Сточно производство" кожа крупна, цифрата за процентот на зголемуењето (во третата колона) треба да гласи 163.

35)—Во чл. 25 под 3, „Хемизацијата на земјоделството", Средства за обеззаразуењето на житото (т) — цифрата за 1951 год., која несе познава во печатот, да биде 77.

36)—Во чл. 27, „План на сообраќај несе познават некој цифри за 1946 година. Така, Носивоста на камионите (т) треба да е [illegible], Бројот на приколиците (парчиња) да е 20, Носивоста на приколиците (т) треба да е 52.

37)—Во чл. 27 под 1, стои „Број на пренесените патници (1.000 н), а треба да стои „Број на пренесените патници (100 н.).

38)—Vo чл. 27 под 2, „Патиштa", после „Должинa на патиштата во колово", треба да се додаде „км".

39)—Во чл. 28 под 1, „Обрт на стоката на дребно" несе познават убаво цифрите. Трите цифри треба да бидат подредени во [illegible]диниот ред: 4.500, 3.500, 260.

40)—Во чл. 28, под 2, последниот ред, цифрата 712, треба да гласи 772

41)—Во чл. 4, „Снабдуење со хранителни производи", последните цифри во третата колона несе јасно испечатени. Они треба да гласат, подредени од горе надоле: [illegible], 201, [illegible], [illegible] 251, [illegible], 170.

42)—Во чл. 28, под 3, „Снабдуењето со индустриски производи", исто така несе познати некои цифри од третата колона. Таја колона треба да гласи, подредена од горе на долe: 101, [illegible], 92 [illegible], 118 и т. н. Цифрата 129 во третата колона, за Хартија, треба да биде 128.

Бр. 1493 — Од Претседателството на Президиумот на Народното собрание на НРМ, 4—XI—1947 година.

## ИСПРАВКА

Во „Службен весник на НРМ" бр. 32/47 оппечатени се уредбите за струките и во: уредбите; за економско комерцијалната струка, струка контрола на мерки и драгоцени метали, индустриското техничката струка, градежна струка, геолошката срука, геодеската струка, струка планирање, статистичка струка, хидрометеолошката струка, земјоделска струка, шумарската струка, правната струка, криминалистичката струка, контролната струка, во [illegible] стои „услови за [illegible] треба да стои" „[illegible]".

Од Претседателот на Владата на НРМ

# ОД РЕДАКЦИЈАТА

„Службен весник на НРМ" во текот на 1948 к'е се доставуе само на оние кои ја внесат претплатата до крај на оваа година, или пак во истиот срок достават на редакцијата писмо со кое се претплатуат на весникот.

Претплатата на Службен весник на НРМ" за 1948 год. к'е изнесуе:

а) за едно полугодие — — — Динари 125.—

б) за цела 1948 година — — Динари 250.—

Претплата се внесуе преку Народна банка на ФНРЈ—Централа за НРМ Скопје, на чековна сметка. 801. 129, или со поштенска уплатница на адреса: „Службен весник на НРМ" Поштански фах 51—Скопје.

Се молат сите должници, кои во текот на 1947 год. го примале весникот, а до сега немаат внесена должната сума, тоа да го направт до 15 јануари 1948 год.

Редакцијата к'е го доставуе комплетот на „Службен весник на НРМ" за 1946 год. по цена од Динари 250.

Редакцијата не располага со следните броеви од 1945 год. 1, 2, 3, 4, 5 и поради тоа преостаналите броеви к'е ги достави по цена од Динари 165. Исто така редакцијата не располага од 1947 год. со броеви: 1, 2, 10 и 17, а останалите броеви к'е се достават по цена од Динари 230 за цела година.

**Од Редакцијата „Службен весник на НРМ"**

# СОДРЖАЈ


Рег. бр. — Стр. бр.

304 Уредба за изменение на чл. 1 и 2 од Уредбата за оснивање на главни дирекции при Министерството за трговија и снабдуењето на НРМ — 419

305 Уредба за изменение на Уредбата за оснивање Главни дирекции при Министерството за индустрија и рударство на НРМ — 419

302 Уредба за наименуење на населени места и улици и за нумерирање на кук'ите — 419

333 Наредба за забрануење колењето на говеда и овци на територијата на НРМ — 420

309 Решење за одредуење бројот на судии и судии — поротници на народни судови на територијата на НРМ, и одредуење бројот на судии и судии — поротници кои к'е ги избираат поедини народни одбори, на кои територијалната надлежност не се поклапа со територијалната надлежност на народните судови — 421

306 Решение за отварање први клас на шиптарски јазик при Учителска школа во Скопје — 423

308 Решение за отварање курс за раководители на угостителски претпријатија и општи курс за готвачи и конобари на истите — 423

307 Решење за одредуење матични подрачја — 423

338 Напатствие за водење евиденција на државјаните на Народна Република Македонија — 436

Исправки на Законот за Петгодишниот план за стопанското развитие на народното стопанство на Народна Република Македонија во текот на годините 1947-1951 — 39

Исправки на уредбите за струки — 442


Издава: Претседателството на Владата на НРМ Одговорен уредник Љубомир Б. Исаиев — Редакција и администрација ул. Маршал Тито бр. 10 Тел. 696. Печатница „Гоце Делчев" — Скопје